HydroBlocker

TKK SINCE1947

# HIDROIZOL S

## водозаптивен премаз
## EN 1504-2: слој/премаз

**КАРАКТЕРИСТИКИ**
**HydroBlocker Hidroizol S** е сува мешавина од цемент, кварцен песок и специјални додатоци за зголемување на водонепропустливоста, отпорност на хемиски средства, флексибилност и прилепување на подлогата.
Стврднатиот премаз е цврст, и поради доброто прилепување нуди одлична заштита на бетонот, на другите минерални подлоги и метали.

---

**ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА**
**HydroBlocker Hidroizol S** погоден за заштита од продор на влага одн. вода, поради што го користиме за заптивање, односно санација на:
• балкони и тераси,
• влажни ѕидови,
• подруми,
• резервоари за вода (и за вода за пиење),
• продори и сл.

Поради големата отпорност на хемиска агресија можеме да го користиме за заштита на (1):
• акумулациски базени и базени за гориво,
• бетонски силоси,
• и сл.

---

**ПРЕДНОСТИ ОД УПОТРЕБАТА**
**Во свежа состојба:**
• готова мешавина: на местото на употреба се додава само потребното количество на вода,
• одлична обработливост: од пластична до легурна обработливост, во зависност од додатоците на количество на вода,
• едноставно нанесување: четка, ѕидарска мистрија.

**Во стврднатa состојба:**
• цементна основа: одлична компатибилност со подлогата и висока алкална заштита на арматурата,
• паропропустлив,
• ниска капиларна апсорпција – не пропушта вода;
• одлично прилепување на бетон, метал, цигла и сл.,
• висока отпорност на:
- промена на температури,
- дејство на мраз и сол,
• висока цврстина на притисок – погодна и за проодни и за помалку оптеретени возни површини,
• зголемена отпорност на дејство на хемикалии (1),
• безбедност: физиолошки беспрекорен премаз, погоден и за заштита и за резервоари за вода за пиење,
• трајност.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| Карактеристики | Метода на испитување | Единица | Барања на стандардот EN 1504-2 | Декларирано |
|---|---|---|---|---|
| **Сува мешавина** | | | | |
| Боја и изглед | Визуелно | - | - | Сива маса во прав |
| Најголема големина на зрното на агрегатот | - | mm | - | 1,0 |
| Препорачана вкупна дебелина на наносот | - | mm | - | 2 -3 |
| **Свежа мешавина** | | | | |
| Вода за мешање | - | l | - | ca.5,6–6,4 на 25 kg,<br>во зависност од посакуваната обработливост |
| Можност за обработка | EN 13395-2 | mm | - | 600 ± 15 % |
| Време на обработливост | - | мин. | - | ca. 30 -60<br>во зависност од водата за мешање и температурата |
| Температура при употреба<br>на малтер, подлога, средина | - | °C | - | + 5°C до + 30°C.<br>оптимална:<br>15°C до 25°C |

| Карактеристики | Метода на испитување | Барања на стандардот EN 1504-2 | Декларирано |
|---|---|---|---|
| **Стврднат премаз/слој** | | | |
| Цврстина на притисок, 28 дена | EN 12190 | Класа I: ≥ 35 MPa<br>(за транспорт на полиамидни тркала) | ≥ 35 MPa |
| Пропустливост на водената пареа | EN 7783-1 | Класа I: $S_D$ < 5 m | $S_D$ < 5 m |
| Капиларна апсорпција и пропустливост на вода | EN 1062-3 | < 0,1 $kg/m^2h^{1/2}$ | < 0,1 $kg/m^2h^{1/2}$ |
| Цврстина на притисок, 28 дена | EN 1542 | Ригиден систем, за возна површина:<br>≥ 2,0 MPa<br>(најмала поединечна вредност:<br>≥ 1,5 MPa) | ≥ 2,0 MPa |
| Отпорност на силна хемиска агресија (1) | EN 13529<br>6 пробни течности | Класа II<br>Пад на тврдост, Shore D < 50% | Пад на тврдост, Shore D < 50% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Топлотна компатибилност, 1 дел: Цврстина при кинење по замрзнувањето и одмрзнувањето во присуство на соли (50 циклуси) (2) | EN 13687-1 (отстапување од барањето на стандардот EN 1504-2) | Ригиден систем, за површини кои не се за возење: ≥ 1,0 MPa (најмала поединечна вредност: ≥ 0,7 MPa) | ≥ 1,0 MPa |

(1) **HydroBlocker Hidroizol S** нуди ефикасна заштита од повремено, краткотрајно оптеретување со пробни хемикалии (ефикасна заштита од повремено, краткотрајно оптеретување со пробни хемикалии (мазивни масла, дизел гориво, разредени раствори од органски киселини и алкали/бази, раствори на NaCl, површински активни супстанци... .) на пр. во случај на излевање.
HydroBlocker Hidroizol S не нуди заштита од постојано, долготрајно оптеретување и не може да ја замени соодветната заштита пропишана за конкретни случаи на оптеретување со хемикалии!
(2) Цврстина при прекин по 50 циклуси на замрзнување-одмрзнување во присуство на соли БЕЗ 10 циклуси на претходно оптеретување со бура (термички стресови), кои ги пропишува EN 1504-2.

---

**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА:**

**• ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Површината што се заштитува мора да биде исчистена од прашина, масни дамки, мувла и од други нечистотии, како и од слабо врзувачки делови. Ако е подлогата многу извалкана, многу мазна или на неа се излачило цементно млеко, потребно е механички да се исчисти: на пр. со пескарење, перење со вода под висок притисок, брусење и сл.
Поголемите оштетувања пред нанесувањето на HydroBlocker Hidroizol S треба да се санираат со соодветен материјал за санација од семејството на малтери во производствената програма на ТКК: **Tekamal MSM, Tekamal Silika MSM** или **Tekamal Alteks**.
Чистата површина мора да биде длабински натопена – капиларно заситена со вода, но на неа не смее да има стоечка вода или воден филм кои спречуваат добро врзување на **HydroBlocker Hidroizol S** за подлогата.
Многу порозните подлоги или подлогите со нерамномерно впивање можеме да ги премачкаме со растворот Cementola Elastosil 34 разреден со вода во однос: 1 дел **Cementola Elastosil 34** и 3–4 дела вода.

**• ПОДГОТОВКА НА ПРЕМАЗОТ**

Најадекватен начин за подготовка на премазот е додавање на сувата мешавина во водата со постојано мешање.
Се става најмалото препорачано количество вода и во текот на мешањето полека ја додаваме сувата мешавина. Мешаме 1-2 минути, од работ на садот ја вадиме мешавината која не е измешана и ја мешаме уште 2-3 минути, односно се додека не добиеме хомогена маса. Внимаваме во текот на мешањето да се внесе колку што е можно помалку воздух. Премазот го оставаме да созрее 10—15 минути, со оглед на посакуваната обработливост, а по потреба додаваме уште вода, по што повторно го мешаме и употребуваме. Количеството на вода за мешање зависи од начинот на нанесување (четка, ѕидарска мистрија), позицијата на површината (хоризонтална, искосена, вертикална) и од впивањето на подлогата. Времето за употреба е околу 30—60 минути, во зависност од количеството на водата за мешање, односно, од обработливоста на премазот и температурата. Пред употреба масата треба повеќе пати да се измеша.

**• НАНЕСУВАЊЕ НА ПРЕМАЗОТ**

**HydroBlocker Hidroizol S** се нанесува во два или три меѓусебно правоаголни слоеви. Вториот слој се нанесува кога првиот веќе добро се примил и стабилизирал. Временското растојание помеѓу нанесувањето на двата слоја изнесува ca. 6–24 ч и зависи од дебелината на првиот слој, количеството на вода за мешање, температурата и влагата на средината. Последниот слој секогаш треба да биде во правец на истекување на водата. Вкупната дебелина на премазот мора да биде најмалку 2–3 mm.
За да биде добра спојката со подлогата, предлагаме премазот за првиот нанос да биде со таква обработливост да може темелно да се втрие во подлогата (четка, крпа, назабена мистрија ...). Затоа што во тој случај не мора да се нанесе слој премаз со дебелина ca. 1 mm, а за вториот нанос подготвуваме премаз со помало количество на вода и со таква обработливост да може со мистрија да се нанесе во подебел слој. Кога сакаме да ги заштитиме хоризонталните површини, со два наноси постигнуваме мин. дебелина од 2 mm, а кога ги заштитуваме вертикланите површини таквата дебелина најлесно ја постигнуваме со три потенки нанесувања.

При санација или дополнителна заштита на балкони, тераси и сл. мора да се имаат предвид дилатациските, работните фуги и фугите на рабовите. За заптивање на дилатациски фуги препорачуваме употреба на ТКК трајно еластични заптивни маси: **Tioelast KVZ, Tioelast KOS, Tekasil Neutral PROFI** или **Tekaflex MS 15**.

Површините заштитени со средството **HydroBlocker Hidroizol S** дополнително може да се бојадисуваат или да се заштитат со дисперзивни бои или со полимерни заштитни премази (акрилати, епокси и сл.). Мораме да се внимава санираните површини да бидат доволно суви. Во секој случај препорачуваме да се консултирате со продавачот на бои и премази!

**• НЕГА НА СВЕЖИОТ ПРЕМАЗ**

Свежиот премаз задолжително мора се заштити од пребрзо сушење (сонце, ветер), дожд и мраз. Кога се заштитуваат резервоарите за вода, препорачуваме премазот да се стврднува на воздух со соодветна нега барем 7–10 дена пред да се стави вода. Во случај на заштита на резервоар за вода за пиење, резервоарот по тоа време треба да се наполни со вода и да се остави водата во него 3 недели. Потоа, резервоарот треба да се испразни, да се измие и повторно да се наполни со вода.

**• ЧИСТЕЊЕ НА АЛАТОТ И НА РАБОТНИТЕ УРЕДИ**

Алатот и сите работни уреди веднаш по завршувањето со работата мора темелно да се измијат со вода.

---

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕПОРАКИ И ПРЕДУПРЕДУВАЊА**

• Премазот не се нанесува на температури под +5 C и над +35 C!
• Температурата влијае на времето на обработливост, врзување и стврднување. За постигнување на оптимални карактеристики на премазот се препорачува температурата на подлогата пред нанесувањето и во текот на нанесувањето, како и 48 часа по нанесувањето да биде од 15–25°C.
• При ниски температури (пониски од + 10°C) се продолжува времето на врзување и стврднување поради што препорачуваме складирање на премазот во загреани простории, употреба на топла вода за мешање (ca. 20–40°C) и
изведување на работите во најтоплиот дел од денот.
• При високи температури (повисоки од + 30°C) времето потребно за врзување е пократко, поради што препорачуваме премазот да се чува во поладни простории, употреба на ладна вода за мешање и изведување на работите во најладниот дел од денот.
• Секогаш да се користат само оригинално спакувани, затворени, неоштетени и соодветно складирани вреќи!
Премазот никогаш не се нанесува на мазна и нечиста површина!
Премазот никогаш не се нанесува на сува подлога!
Никогаш не се додава вода или сув премаз во мешавината која е премногу згусната. Таквиот премаз се отстранува!

• Во текот на работата мораме да ги почитуваме упатствата и стандардите EN 1504-10: Производи и системи за заштита и поправка на бетонски конструкции – 10. дел: Употреба на производи и системи на градилиштето и контрола на квалитетот на работите.
• **HydroBlocker Hidroizol S** не е декоративен премаз! Доколку свежиот премаз се изложи на дожд, висока влажност, односно ниски температури, на него може да се создадат бели дамки кои не влијаат на квалитетот на премазот, но влијаат на изгледот, поради тоа мора овој податок да се има предвид кога се користи за заштита на видлив бетон.
• За сите дополнителни информации и објаснувања ве молиме јавете се во нашата техничка служба.

---

**ПОТРОШУВАЧКА**
• ca. 1,8 kg/m2/mm

---

**ПАКУВАЊЕ**
• вреќи 25 kg, канти 7 kg

---

**СКЛАДИРАЊЕ**
• **HydroBlocker Hidroizol S** мора да се складира во добро затворена амбалажа, во сува и светла просторија така да се заштити од оштетување и од влага.
• Во добро затворена и неоштетена амбалажа, складирано во суви простории, рокот на употреба е најмалку 1 година од датумот на производство.
• По истекот на рокот на употреба производот може да биде и употреблив, но потребно е да се испитаат оние карактеристики кои се важни за планираната употреба.

---

**БЕЗБЕДНОСНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Поради содржината на цемент премазот ги иритира очите и кожата, а во допир со кожата може да предизвика алергиски реакции. Поради тоа во работата со премазот мора да се носат соодветни заштитни ракавици и да се спречи контакт со очите (заштини очила). Исто така мораме да избегнуваме вдишување на прав. При постојана работа со премазот, треба да се носи заштита за респираторните органи.
Видете го безбедносниот лист.

---

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Упатствата се дадени врз основа на нашите истражувања и искуства, меѓутоа, поради специфичноста на условите и начинот на работа препорачуваме да изведете тестирања за секој случај на примена. Бидејќи не можеме да влијаеме на изведувањето
на работите, не одговараме за квалитетот на работите!
**HydroBlocker Hidroizol S** е во согласност со барањата на стандардот EN 1504-2: Производи и системи за заштита и поправка на бетонски конструкции – 2. дел: Системи за заштита на површината на бетонот, слој/премаз (за постапки врз основа на принципите: 2.2, 6.1, 8.2).

Овој технички лист ги дополнува и заменува сите претходни изданија (08/17).